20684

pres-kliping · press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
- 9. II. 1973



НИКОЛА МАРТИНОСКИ: МАЈКА СО ДЕТЕ

## ДИМЧЕ КОЦО:

# Најголемиот македонски портретист

Уметничкиот лик на Никола Мартиноски е феномен полн со перманентно растење, барање, реализација на бараното, враќање кон појдовното и откривање на непознатото. Тој е основа на современото во македонската и на напредното во југословенската предвоена уметност. Уште пред ослободувањето на Македонија, тој заедно со неколку македонски уметници, имаше смелост да ги раскине стегите на средновековните традиции и да тргне по нов пат, напреден и современ со патот на европската уметност. Изразните ликовни средства, линијата и бојата, заситени со експресивна снага на македонските икони и фрески од првите денови на неговото творештво значеа единство во кое доминираше линијата, линија полна со невидена, непозната и неочекувана изразна снага, линија едновремено виртуозна и во првата фаза слабо повторувана.

Мартиноски ,како и нашите средновековни зографи, се ориентира кон фигуративната уметност, пред сè кон портретот. Тој е несомнено најголемиот македонски современ портретист. Пејсажот му е туѓ, убавините на земјата ликовно не го привлекуваат. Целиот опус на неговото творештво се гледа во ликот на човекот, пред сè на мајката со својата рожба, на современата македонска мадона, најдобро предадена преку смелите и горди циганки. Со молив или боја, никој подобро од Мартиноски не ја предал мајката како симбол на плодноста, љубовта, грижата и стравот. Експресионист по инстинкт, испитувач по интенција, монументален по концепција, смел по пораката, упорен по настојувањата, истраен во амбициите, Мартиноски израсна во таква личност што само преку длабоки и темелни студии може правилно и целосно да се разбере. Предната карактеристика се однесува на периодот од преку четири децении. Нарочно на периодот од 1930 година наваму. Никола Мартиноски иако е одамна оформен и јасен, носи уште новини и изненадувања. Потврда дека е уметник, што значи нова страница во нашата културна историја.